# росица

Бесплатен примерок
Број 1/2025

# ПРИЛОГ ЗА РОДИТЕЛИ



НА ПРАГОТ НА НОВАТА ВОСПИТНА И УЧИЛИШНА ГОДИНА

## ЗАЧЕКОРЕТЕ СО ПОЗИТИВЕН СТАВ

ДЕЦАТА И ИГРАЧКИТЕ

## ВО ДОМОТ И ВО ГРАДИНКА

ИГРАТА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО

## МОТИВ ПЛУС ЗА ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ...

НА ПРАГОТ НА НОВАТА ВОСПИТНА И УЧИЛИШНА ГОДИНА

# ЗАЧЕКОРЕТЕ СО ПОЗИТИВЕН СТАВ

ДОБРА, ПРАВИЛНА АДАПТАЦИЈА ЗНАЧИ ПОДГОТОВКА И НА ДЕТЕТО И НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА НОВИ ИСКУСТВА.

**Приспособувањето на нова средина** е процес на приспособување за **комуникација и соработка со нови лица, простор, временска и содржинска динамика** на ден, поразличен од денот во семејниот дом.

## ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ...

- За текот и начинот на адаптацијата значајни се: **возраста на детето**,
- неговите **индивидуални способности и искуства** - секое дете различно доживува и реагира,
- **пристапот на кадарот што ќе работи со децата**,
- **соработката меѓу семејството и градинката или училиштето.**

Предучилишните установи остваруваат згрижување и воспитно-образовна работа со деца од 9-месечна до 6-годишна возраст. Деца што посетувале градинка поуспешно се приспособуваат во училиште. За деца што имаат развојни тешкотии неопходна е индивидуална работа и придружба од логопед или дефектолог - вклучување на стручно лице зависи од дадениот проблем.



## СЕКОГАШ ТРЕБА ДА СЕ ИМА ПРЕДВИД ВОЗРАСТА НА ДЕТЕТО...

Развојот на емоционалните и социјалните вештини зависи од способностите на детето, но и од комуникацијата меѓу детето и луѓето што го опкружуваат. Фокусот треба да се стави на социоемоционалните вештини. Но секогаш треба да се има предвид возраста на детето:

- **Во раните фази** на емоционалниот развој (бебе) почнува да се создава **основа за доверба и приврзување.**
- Понатаму се движи низ фазите на **автономија и развивање на чувство за себеси**, иницијатива за истражување на светот околу себе.

Треба да знаете дека децата најдобро учат кога се чувствуваат сигурни и успешни. Важно е возрасните да покажат почит кон способноста на детето да научи. Пристапот треба да биде моделиран според индивидуалните потреби и можности на детето, но и да се обезбедат услови да ги оствари своите потенцијали. Водете отворени разговори за разликите меѓу децата. **Децата треба да знаат дека не сме сите исти.** Разговарајте за темпераментот, способностите, изгледот... Постигнувањето на реално поставените цели бара време и постапност во напредокот. Промените во однесувањето кај детето, кои манифестираат неприфаќање и отпор, се минливи. Практикувајте разговор - споделувајте информации и искуства.



Во процесот на адаптација, во продолжение неколку **важни чекори за родителите:**

- **Позитивен став на семејството кон градинката и училиштето.**
- **Партнерство меѓу семејството и градинката, училиштето. Меѓусебна соработка за доближување на воспитните ставови.**
- **Обратете се до стручната служба, разменете информации за потребите и очекувањата, за евентуални прашања и проблеми.**

- **Вашата смиреност е значајна поддршка на детето. Покажете разбирање, нежност и трпеливост.**
- **Првите денови носете го детето лично вие. Разговарајте со него како ќе се одвива денот, какви обврски ќе има додека сте вие на работа.**
- **Не заканувајте се, не ветувајте нешто што не можете да го исполните.**

НÈ ЧЕКА МНОГУ РАБОТА ЗАЕДНО, НО ТАКА СЕ РАСТЕ, ОСОЗНАВА, СЕ СТИГНУВА ДО ЦЕЛТА. ЗАЕДНИЧКО ЗАДОВОЛСТВО И УСПЕХ ЗА СИТЕ.

Славица Благоеска, психолог,
ЈОУДГ „Детска радост“, Скопје

ИГРАТА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО

## МОТИВ ПЛУС ЗА ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ...



Играта е главниот облик и средство за едукација на детето од предучилишна возраст. Таа е првата манифестација на неговата самостојност во допир со околината. Преку играта детето ги развива физичките и психичките способности, се здобива со сознание за животот и светот, ја развива и формира својата волја и го регулира своето однесување. Играта овозможува развој на сите способности од **перцептивно-моторни: координација око - рака, движење, интелектуални: помнење, решавање проблеми, донесување заклучок**, до **социоемоционални - почитување правила, однесување во друштво**, како и способност за комуникација и креативност.

ГОВОРНО—ЈАЗИЧНИОТ РАЗВОЈ МОЖЕ НАЈЕДНОСТАВНО ДА СЕ ПОТТИКНУВА ПРЕКУ ИГРА ОД НАЈРАНА ВОЗРАСТ.

Улогата што ја добива детето во играта не може да се оствари само со дејствување, туку и со зборови. Во играта детето учи нови зборови од возрасните или од другите деца. Особините и односите на нештата што ги запознаваат децата во играта се спојуваат со зборовите.

**Идеи на игри за развој на говорот, вниманието и креативните способности**

- **Поставувајте отворени прашања** - На детето му се покажува слика , потоа се поставува прашање што ќе го поттикне на размислување... Што прават луѓето на сликата? Што ќе се случи ако...?
- **Што сакав да кажам?** - се изговара збор без првиот глас, детето треба да погоди кој е тој збор и кој глас недостига (вион - авион, ревет - кревет...)
  Почеток и крај - последниот глас од зборот е еднаков со почетниот глас од првиот збор (шешир - ранец, човек - крал)
- **Дали слушаш** - лоцирање на зборот (дали го слушаш гласот „р“ во зборовите море, река, трактор).

**Поставувајте прашања со многу одговори** - Секојпат кога на детето му е поставено прашање што бара различни одговори, помагајте му во креативните вештини на размислување.

**На пример, како да се употреби концептот вода:**
- Што плови во водата?
- Од каква помош ни е водата?
- Што е секогаш под вода?

**Други концепти може да бидат оган, песок, сладолед, автомобил.**

**Изговори еден збор** - Изговарате три зборови што се тематски поврзани и може да се стават под еден општ поим. Детето треба да го изговори тој поим.

**Примери:**
мама, тато, дете - семејство
снег, мраз, студено - зима
торта, балони, подароци - роденден

**Што сè може да прави?**
Изговарате именка што означува живо суштество и давате предлог детето да се сети на што повеќе работи што може да бидат изведени.
**Пример:**
Што се може да направи детето? (да игра, јаде, пие, скока, спие, вози велосипед, обликува форми од пластелин...)
Што сè може да направи мама, дедо, мачето, кучето...?

ПО ИГРАТА ДОБРО Е ДА СЕ ПОРАЗГОВАРА СО ДЕТЕТО

Разговарајте за текот и резултатите на играта, со цел детето да се почувствува гордо, затоа што ќе почувствува дека се слуша и почитува неговото мислење. Притоа, имајте на ум дека стимулативниот амбиент и креативната средина на децата им овозможува да ја развијат имагинацијата, оригиналноста, упорноста во решавањето проблеми, емоционалната стабилност и критичност.

Играјте говорни игри и забавувајте се заедно, останете позитивни.

## ДЕЦАТА И ИГРАЧКИТЕ
## ВО ДОМОТ И ВО ГРАДИНКА

Нада Спанџевска, логопед,
ЈУДГ „Детска радост", Скопје



Првите предмети со кои доаѓаат децата во контакт се играчките. Децата го запознаваат светот што ги опкружува преку непосредна манипулација со предметите што го опкружуваат. Токму затоа особено е важно со какви играчки игра вашето дете.

Постојат повеќе правила околу изборот на играчката, но ние ќе се задржиме на најважните.

**Прво и основно** е играчките да бидат **безбедни**. Тоа значи:

- да не содржат отровни бои и опасни материи,
- да имаат заоблени рабови за да не се повредат децата и
- да не содржат ситни делови, кои вашето дете може да ги голтне или да ги стави во нос, уво..

ИГРАЧКАТА ТРЕБА ДА БИДЕ ИНТЕРЕСНА, ДА БИДЕ СО ЖИВИ БОИ, ДА ГО СЛЕДИ ИНТЕРЕСОТ НА ДЕТЕТО.



**Играчките треба да бидат во согласност со возраста на децата**, но и да го **поттикнат** нивниот развој. Колку е помало детето, толку се поголеми играчките и поедноставни во своите функции. Како растат децата, така се развива нивната моторика, се збогатува нивното искуство, се зголемува нивната љубопитност и се менуваат нивните интереси. За поголемите деца посоодветни се играчките што имаат повеќе делови и повеќе функции, а се помали по димензија. Во предучилишна возраст веќе можат безбедно да манипулираат и со ситни боцкалки, сложувалки во повеќе делови, разни предмети за нижење...

Следно правило е **колку помалку играчки – толку поголема фантазија** и креација. Не е потребно децата да бидат претрупани со куп играчки со кои не знаат што да прават. Оставете му на детето дел од играчките и ќе видите дека со неколку кукли, автомобилчиња или коцки ќе креира најразлични ситуации. Ќе игра посветено и концентрирано.

**На децата им е потребен ред, а не хаос во нивното опкружување.** Доколку во вашиот дом има голем број играчки, оставете само неколку. Другите соберете ги. Дајте му други кога претходните ќе му здодеат. Но не брзајте со промената, дајте му на детето време да може да развие игра со играчките што му се на располагање.

**Учете го детето на одговорно однесување** кон сите предмети што го опкружуваат, вклучувајќи ги и играчките. Ако детето е невнимателно и неодговорно кон своите играчки, тоа наскоро ќе биде невнимателно и неодговорно и кон другите предмети што го опкружуваат во домот и надвор од него.

**Децата често знаат да се „врзат" за некоја играчка,** предмет (перниче, ќебенце...), сликовница... и да не сакаат никаде да одат без него. Тоа за детето претставува емоционална сигурност, поврзаност со домот и семејството, прави тоа да се чувствува безбедно и сигурно. Често оваа поврзаност може да направи проблем кога сте надвор од домот. Ако има можност детето да го понесе омилениот предмет со него – земете го, ако не направете договор – да стои во креветчето, во автомобилот, во ранчето...

Можеби детето ќе сака да го понесе омилениот предмет и во **градинка**. Ако е во период на **адаптација,** тогаш е дозволено да го носи омилениот предмет со себе, но сè до оној момент кога нема да го ограничува во комуникацијата и активностите со другите деца, играчки и предмети во занималната. Имено, ако детето постојано го држи во раце омилениот предмет, тоа ќе му пречи во манипулацијата со играчките во градинката и со материјалите за работа. Исто така, прашање е колку е детето **подготвено да го сподели** својот омилен предмет со другите деца во групата. Тој предмет ќе предизвика внимание и љубопитност кај другите дечиња и ќе посакаат да го допрат и да играат со него. Ако го дозволи тоа, нема никаков проблем – значи подготвено е за социјална комуникација во која нема мое, туку сè е наше.



Но доколку не дозволува и љубоморно го чува, значи дека сè уште не се чувствува доволно сигурно во средината што го опкружува. Тоа значи дека му треба време и внимание да се вклопи во групата и да се чувствува како дел од заедницата. Тоа се постигнува чекор по чекор – на пример: првин омилениот предмет може да се остави на безбедно место во занималната каде што никој не може го земе, но да биде во видното поле на детето, потоа да се остави во неговото шкафче или ранче.



Емотивната поврзаност на децата со омилените предмети е особено важна за нив. Затоа треба да ѝ пристапиме постепено, професионално и трпеливо. Емотивните врски и чувството на безбедност и сигурност не се градат преку ноќ. Затоа, разговарајте со детето, настојувајте тоа да предложи и да прифати решенија и компромиси, секогаш имајќи ја предвид неговата возраст.

Играчките за деца може да го водат детскиот развој напред, но само ако се внимателно избрани, добро искористени и соодветни на возраста, можностите и интересите на децата.

Тие може да бидат нивниот пријател или непријател. Затоа треба одговорно да се употребуваат.

Можеби најважно од сè е да ги научите децата како да играат со играчките, затоа треба и вие да седнете на под и заедно со нив да отпатувате во светот на фантазијата, да заборавите на момент дека сте возрасни и да уживате во забавата со вашите деца.

детска радост

Прилог за родители 2025
Бесплатен примерок бр. 1
ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД - Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р ПАВЛЕ ПЕТРОВ
Издава: Редакција „Детска радост“

Росица - списание за најмали

Прилозите во овој број „Прилог за родители“ се од архивата на РОСИЦА списание за најмали.
Одговорен уредник:
КСЕНИЈА ТРАЈЧЕВА
Ликовно-графички уредник:
НАТАЛИ НИКОЛОВСКА
Лектор:
БИЛЈАНА РАДЕВСКА

Росица - списание за најмали



Сања Ливринска, педагог,
ЈОУДГ „Фидани“, Скопје